# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До:** **ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

Бр.03-3884/1

Скопје 04.09.2017г.

**Предмет: Четврти седмичен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Врз основа на обврските од член 76-в став 2 од Изборниот законик, а во согласност со Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува четвртиот седмичен извештај за периодот од 28 август до 3 септември 2017 година.

Во рамки на овој извештај, Ви го доставуваме Вториот извештај на Агенцијата од мониторингот на медиумското известување по распишување на Локалните избори, односно за периодот од 17 до 26 август 2017 година.

Во овој извештаен период генерално, мониторингот покажува дека има општа медиумска тенденција уредувачките политики да бидат отворени за различни ставови во однос на тековните општествено-политички настани, состојби и теми. Кај дел од медиумите што се предмет на мониторинг, во централните дневно-информативни емисии, во повеќе наврати, а некаде и секојдневно, регистрирано е емитување прилози што се квалификуваат како „псевдонастани или псевдовести". Овие псевдонастани ги креираат политичките партии, преку критика/критизирање на политичкиот опонент или како политички ветувања. Дел од радиодифузерите држат дистанца, дел вложуваат напори да обезбедат врамнотеженост на различните ставови, додека само кај две телевизииi обемот на вакви прилози за една политичка опција, укажува на непочитување на професионалното начело за еднаков третман на различните гледишта.

Извештајот е достапен на веб страницата на Агенцијата, а сите медиуми се известени за него преку соопштение, веднаш по неговото објавување.

Инаку, во тек е мониторингот на третиот десетдневен извештаен период.

Срдечен поздрав,


Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Палата Панко Брашнаров
ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.mk
contact@avmu.mk


МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
СКОПЈЕ